Број: 11 - 4801/3
Датум: 22.05.2026
Скопје

Врз основа на член 50, член 22, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/2024), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош, во областа на спортот за 2026 година, Глава II Проектни активности, точка. 7. Еднократна парична помош на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош кој работат со млади категории („Службен гласник на Општина Карпош бр. 23/2025, 10/26), а во врска со Одлуката за објавување на Оглас за доделување на еднократна парична помош на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош кој работат со млади категории бр. 11 - 4801/2 од 20.05.2026 година, Комисијата за доделување на еднократна парична помош на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош кој работат со млади категории, објавува

# ЈАВЕН ОГЛАС
## за еднократна парична помош на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош кој работат со млади категории

### I. Право на пријавување

Право на пријавување имаат сите заинтересирани спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош кој работат исклучиво со млади категории регистрирани со седиште на подрачјето на општина Карпош најмалку 3 (три) години, а кои со своите програми и активности придонесуваат за развој на спортот во општината и пошироко.

Спортските клубови кој работат исклучиво со млади категории се должни во барањето да ги наведат причините и намената за кои ги барат средствата со финансиска конструкција и спецификација.

### II. Потребни документи и услови за учество

1. Потврда од матичната национална спортска федерација дека клубот се натпреварува само со млади категории и не располага со сениорски тим.

2. Потврда од матичната национална спортска федерација дека клубот се натпреварува во национално спортско првенство за млади со најмалку 5 (пет) клуба (да се наведат клубовите).
3. Навремено доставување извештаи за наменска искористеност на средствата доделени од Општина Карпош од претходната година.
4. Да имаат изработено годишна програма за работа на клубот;
5. Активно учество во натпреварувањето организирано од матичните национални спортски федерации во најмалку две млади селекции;
6. Решение за регистрација на спортскиот клуб (решение од централен регистар не постар од 3 месеци).
7. Спортските клубови регистрирани со седиште во друга општина, а подружница во Општина Карпош нема да се разгледуваат и истите ќе се одбијат.
8. Решение за вршење дејност спорт од страна на Министерството за спорт (односно АМС).

## III. Критериуми за доделување еднократна парична помош на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош кој работат со млади категории

1. Постигнувања на сите млади селекции на клубовите на националните спортски првенства со официјален документ од националната спортска федерација за последната натпреварувачка сезона.
2. Репрезентативци за соодветните млади селекции (потврда со документ од националната спортска федерација и да се наведат репрезентативните натпревари).
3. Предност може да биде бројот на активни млади селекции кои се натпреваруваат во младите лиги и нивен пласман на табела за последната натпреварувачка година, (документ од националната спортска федерација за постигнати резултати за последната натпреварувачка сезона).
4. Да достават резултати - табела на сите млади селекции со кои располага клубот,
5. Најмалку еден лиценциран тренер.

## IV. Висина на финансиската поддршка и рангирање

Во зависност од приложените документи, финансиската поддршка за клубови кои имат млади категории, комисијата висината на финансиските средства ги предлага со мнозинство гласови и се доделува според претходно изготвен правилник за оваа намена кој ќе биде објавен во прилог на овој оглас.

## V. Начин на пријавување

Документите можат да се доставaт во Архивата на Општина Карпош (во затворен плик), со ознака „Не отворај“ и со назнака „Доделување на еднократна парична помош на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош кој работат со млади категории“.

## VI. Рок за поднесување на документите

Рокот за поднесување на документите е заклучно со 22.06.2026 година.

Документите на спортските клубови кои се некомплетни нема да бидат разгледувани.

Условите, начинот, критериумите и постапката за распределување на финансиската поддршка ќе се уреди со претходно изготвен правилник за оваа намена.

ОПШТИНА КАРПОШ

*ул.Никола Русински бр.11 тел. 02/3055 -901, 02/3055 -902*
*www.karpos.gov.mk; gradonacalnik@karpos.gov.mk*